Арх

[redacted]

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат животна средина**

Палата"Емануел Чучков"
Ул.Бихаќка бр.2, 5ти спрат
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Е-пошта: p.kirovski@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Архивски бр.:ИП1 27-234**
**Дата:** 02.10.2024 година

Државниот инспекторат за животна средина преку Пејо Кировски – Главен инспектор за заштита на природата, со службена легитимација број 06-0003, доби Барање за понатамошно постапување од ЈУ Национален парк Шар Планина со бр. 0808-858/4 од 10.09.2024 година. Врз основа на добиениот предмет од ЈУ Национален парк Шар Планина констатирана е фактичката состојба и врз основа на член174 од Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и Сл. весник на РСМ бр. 151/21), како и член 83 став 1 од Закон за инспекциски надзор (Сл. весник на РСМ бр. 102/2019) донесе:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ИЗРЕКУВА МЕРКА ОПОМЕНА** на физичките лица Омер Биљали и Тефик Биљаловски , со адреси на живеење село Света Петка општина Сопиште, поради.

1. Собирање на засегнати и заштитени диви видови растенија, габи и животни и нивни делови без дозвола.
   Рок: Веднаш

2. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина доби Барање за сопонатамошно постапување од ЈУ Национален парк Шар Планина со бр. 0808-858/4 од 10.09.2024 година, и примено во Државниот инспекторат за животна средина со бр. 27-841/1 на 17.09.2024 година. Од страна на Пејо Кировски – Главен инспектор за заштита на природата, Барањето беше разгледано и се констатира дека физичките лица Омер Биљали и Тефик Биљаловски постапиле спротивно на член 23 од Законот за заштита на природата а е казниво согласно член 182, став (1), точка 9) а во врска со член 182, став (4) од истиот закон. Од страна на службите на ЈУ Национален парк Шар Планина на 05.09.2024 година во 15:30 часот во пределот на село Селце на место викано Ливади и Ѓеѓит на локација со координати N 42 06' 13'' E 20 92' 85'', сопственост на РСМ, затекнати се две лица како собираат плодови од смрека без соодветни дозволи за собирање на засегнати и заштитени диви видови растенија, габи и животни и нивни делови.Лицата биле со автомобил Nissan Xtrail со Италијански регистарски таблици CE-536-MF, кој имале собрано две вреќи бобинки од смреки (околу 50кг) и од страна МВР Тетово им биле конфискувани и двете вреќи со смрека им биле предадени на службите на

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

[redacted]

ЈУ Национален Парк Шар Планина со Записник за предавање на пронајдени – одземени предмети бр.0302-858/1 од 05.09.2024година. На 06.09.2024 година од страна на службите на ЈУ Нациналeн Парк Шар Планина одземени предмети се доставени до Агенција за управување за одземен имот во Записник бр.02-858/3 од 06.09.2024 година.

Согласно надлежностите што произлегуваат од член 172 од Законот за заштита на природата и член 83 став 1 од Законот за инспекциски надзор, Главниот инспектор за заштита на природата го донесе ова решение.

Жалбата изјавена против оваа Решение не го одлага неговото извршување согласно член 174-а став 2 од Законот за заштита на природата.

Од погоре наведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат животна средина**

Палата”Емануел Чучков”
Ул.Бихаќка бр.2, 5ти спрат
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Е-пошта: p.kirovski@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова решение, согласно член 106 став 1 од Законот за општа и управна постапка (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 124/15), може да се поднесе жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број 27-234 на ден 02.10.2024 година.

Доставено до:
- Архива
- Омер Биљали
  с. Света Петка ул.9 бр.4
  општина Сопиште

**ГЛАВЕН ИНСПЕКТОР ЗА**
**ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**
**Пејо Кировски**